РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2054/2
05-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-та седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-2054/1 од 30.07.2025 година во која се укажува на наводи за сомневање за непостапување на Министерството за ---------- по поднесена предлог Иницијатива од 26.04.20255 година од подносителот заради обезбедување на услови за законско работење на Основниот суд во ------------ со оспособување на дополнителни 4 судници со систем за тонски снимање, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во пријавениот случај.

Предметот со број 12-2054/1 од 30.07.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 30.07.2025 година од познат подносител до ДКСК е поднесена пријава во која се укажува на наводи за сомневање за непостапување на Министерството за --------- по предлог Иницијатива од 26.04.20255 година поднесена од подносителот заради обезбедување на услови за законско работење на Основниот суд во ------------ со оспособување на дополнителни 4 судници со систем за тонски снимање, по која е оформен предмет број 12-2054/1 од 30.07.2025 година.
Имено, по изборот на 4 нови судии на 10.03.2025 година Основниот суд во ------------ функционира со вкупно 9 судии, додека истиот располага со само 5 судници опремени со систем за тонско снимање на судските процеси. Со тоа предметниот суд не исполнува

минимум технички услови за работа за доследно почитување на законите, како и гаранција за транспарентност и правичност.

За таа цел, тој до Основниот суд ----------- и Министерството за ---------- доставил предлог иницијатива на 26.04.2025 година и Барање за известување од 26.05.2025 година во која предлага во разумен рок да се изготви и достави предлог -буџет до ---------- --------- на РСМ за обезбедување на средства за оспособување на дополнителни 4 судници со систем за тонски снимање. Во пријавата се наведува дека одговорноста за обезбедување на услови за законито работење на судовите е лоцирана кај Министерството за -----------, согласно член 83 став (1) од Законот за судовите. Дополнително, согласно член 84 од Законот за судовите, министерот за правда го донесува Судскиот деловник, со кој, меѓудругото, се уредува и аудиовизуелното снимање на расправите.

По разгледувањето на содржината на пријавата, ДКСК констатира дека согласно надлежностите утврдени во Законот за спречување на корупција и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување од причина што за постапување по предметните наводи надлежна е друга институција - Министерството за ----------, кое е задолжено да создаде услови за обезбедуваање на финансиски средства за техничко опремување на судниците за целосно спроведување на законите во конкретни предмети.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: П.Б,советник
Контролирал: Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: И.П., раководител на Сектор
Одобрил: Б.Џ., член на ДКСК

Доставено до:
-Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk